**Република Северна Македонија**
**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА**

# НЕ-ТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ

## Проценка на животна средина и социјални аспекти за ЕБОР Проект од категорија Б, 50769 – Патарини на автопат, Република Северна Македонија



Поднесено од:
Манеко Солушнс Скопје

Подготвил: Марјан Михајлов

Поднесено до:
Европска банка за обнова и развој

Дата:
Јули 2019

## СОДРЖИНА

АКРОНИМИ ........ 3
1 | ВОВЕД ........ 4
2 | ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ПРОЕКТОТ И ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ ........ 5
3 | ОПИС НА ПРОЕКТОТ ........ 5
4 | РЕЗИМЕ НА ЗАКОНСКА РАМКА И ПОЛИТИКА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И БЕЗБЕДНОСТ, ОВЖС И ПРОЦЕСОТ НА СТЕКНУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ ........ 6
5 | РЕЗИМЕ НА ОСНОВНАТА СОСТОЈБА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И СОЦИЈАЛНИ АСПЕКТИ ........ 8
6 | РЕВИЗИЈА НА СОСТОЈБА СО ЖИВОТНА СРЕДИНА И СОЦИЈАЛНИ АСПЕКТИ ........ 8
7 | ПРИДОБИВКИ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И СОЦИЈАЛНИ АСПЕКТИ, ВЛИЈАНИЈА И МЕРКИ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ ........ 10
8 | УПРАВУВАЊЕ СО ЖИВОТНА СРЕДИНА И СОЦИЈАЛНИ АСПЕКТИ И МОНИТОРИНГ ........ 13
9 | МЕХАНИЗАМ ЗА ПОПЛАКИ, ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ ........ 13
Додаток 1 ФОРМУЛАР ЗА ПОПЛАКА ........ 15

### Листа на слики

Слика 1 Локација на осумте наплатни станици на автопатната мрежа во Република Северна Македонија ........ 4
Слика 2 Локации за трите нови патарини ........ 6

### Листа на табели

Табела 1 Резиме за влијанија, рецептори, мерки за ублажување ........ 10

## АКРОНИМИ

| | |
|---|---|
| ЕБОР | Европска банка за обнова и развој |
| ЈПДП | Јавно претпријатие за државни патишта |
| РСЗ | Рамка за стекнување на земјиште |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| ЕСН | Електронски систем за наплата |
| ОВЖС | Оценка на влијанието врз животната средина |
| МФИ | Меѓународни финансиски институции |
| МОТ | Меѓународна организација на труд |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МТВ | Министерство за транспорт и врски |
| ПЈРМ | Поранешна Југословенска Република Македонија |
| ПСЗ | План за стекнување на земјиште |

# Проценка на животна средина и социјални аспекти за ЕБОР Проект од категорија Б, 50769 – Патарини на автопат, Република Северна Македонија

## НЕ-ТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ

### 1 | Вовед

Европската банка за обнова и развој ("ЕБОР" или "Банка") разгледува финансирање до 13 милиони евра на Јавното претпријатие за државни патишта на Република Северна Македонија ("ЈПДП" или "Клиент"). Заемот ќе му овозможи на Клиентот да го финансира проектот " Категорија Б Проект 50769 - Патарини на автопат" ("Проект").

Јавното претпријатие за државни патишта (ЈПДП) има намера да спроведе проект за подобрување и модернизација на постојниот систем за наплата на патарина на Коридорот VIII, како и за инсталирање на нови електронски патарини на новите делници на автопатите што се градат во Република Северна Македонија. Слика 1 подолу ги покажува локациите на автопатите и проектот што се однесуваат на наплатните станици во Република Северна Македонија.




Слика 1 Локација на осумте наплатни станици на автопатната мрежа во Република Северна Македонија

Проектот е развиен од страна на ЈПДП во согласност со националните законски барања и барањата на Европската банка за обнова и развој (ЕБОР). Обемот на Проектот ги опфаќа следните компоненти:

- Надградба и модернизација на постојните наплатни станици на Коридорот VIII, како и изградба на три наплатни станици на нови автопатишта што се градат во Република Северна Македонија;
- Инсталирање на опрема за поврзување на надградените и новите патарини со станицата на оперативниот центар во Скопје;
- Изградба на дополнителна лента за зголемување на капацитетот на патарината Миладиновци на Коридорот VIII;
- Инсталација на фотоволтаични соларни панели на сите постојни и нови патарини што се градат на целата автопатска мрежа во земјата.

## 2 | Образложение за проектот и основни информации

Спроведувањето на проектот спаѓа во новата Национална транспортна стратегија (2018 - 2030) и Годишната програма на ЈПДП за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта. Проектот исто така се вклопува во Стратегијата на банката за промовирање на регионалната транспортна интеграција на РСМ и го поддржува развојот на стратешки интерконекции со соседните земји.

Проектот е продолжување на претходните проекти на ЕБОР за изградба на нова автопатска делница на Коридорот 10 - неодамна завршена, како и изградба и реконструкција на осум патарини долж Коридорот 10, вклучувајќи и инсталација на опрема за електронска наплата на патарина ("ЕНП"), што во моментов е во фаза на имплементација.

Целта на Проектот е подобрување и модернизација на системот за патарини што ќе го поддржи функционирањето на унифициран и целосно интероперабилен систем за патарина на автопатот во РСМ и ќе ја подобри сегашната состојба што се состои од две различни платформи за патарина со различни кориснички интерфејси. Се очекува, исто така, да се промовира зелена економија преку производство на обновлива енергија од фотоволтаични соларни панели, што ќе бидат инсталирани на сите 15 постојни и нови патарини.

*Главни придобивки*

Генерално очекување е дека Проектот ќе донесе бројни придобивки, како што се:

- ✓ Подобрена и ефикасна услуга на патарините;
- ✓ Заштеди на трошоците за потребната енергија со инсталирање на фотоволтаични соларни колектори;
- ✓ Употреба на обновливи извори на енергија;
- ✓ Подобрување на функционалноста на секундарната оска (Дел Миладиновци - Штип) на Коридорот 10 за развој на РСМ;
- ✓ Економска корист за одржување и реконструкција на патиштата;
- ✓ Краткорочно вработување на локалното население за време на изградбата.

## 3 | Опис на проектот

Компонентите на проектот ќе се имплементираат на посебни локации по должината на Коридорот VIII, Коридорот X и на државниот пат А4, делница Миладиновци – Штип. Слика 1 ги прикажува локациите на сите постоечки и идни патарини во земјата каде треба да се изврши имплементација на компоненти на проектот и придружните активности.

Проектот се состои од четири одделни компоненти, а подолу е даден општ преглед кој вклучува опис на еколошки и социо-економски аспекти за секоја компонента на проектот.

i) **Надградба и модернизација на постојните наплатни станици на Коридорот VIII, како и изградба на три наплатни станици на нови делници на автопатите што се градат во Република Северна Македонија.** Компонентата на проектот се состои од две одделни поткомпоненти:

- Надградба и модернизација на пет постојни патарини по должина на Коридор VIII (делница Гостивар - Миладиновци);
- Изградба на три нови патарини, една за новоизградениот автопат на Коридорот VIII (делница Кичево - Охрид) и две за новоизградениот државен пат А4 делница Миладиновци - Штип.
  - Арбиново, Коридор VIII (делница Кичево - Охрид);
  - Преод и Кадрифаково, државен пат А4 (делница Миладиновци - Штип).

ii) **Надградба и модернизација на постојните патарини на Коридорот VIII.** Овој дел од Проектот се состои од надградба и модернизација на постојните патарини долж Коридорот VIII (делница Миладиновци - Гостивар) за работа со електронски

систем за наплата (ЕСН). Ги вклучува следните патарини: Миладиновци, Глумово, Желино, Тетово и Гостивар. Оваа компонента на проектот ги опфаќа активностите за промена на настрешниците и целосна опрема за наплата на секоја патарина. Оваа компонента на проектот не бара изградба, ниту одобрување од аспект на животна средина.




Слика 2 Локации на трите нови патарини

iii) **Инсталирање на опрема за поврзување на надградените и нови патарини со станицата на оперативниот центар во Скопје.** Овој дел од проектната компонента обезбедува основа за инсталирање на дополнителна опрема во наплатниот оперативен центар во Скопје – патарина Петровец. Проектот се состои од набавка на хардверска и софтверска опрема. Оваа компонента на проектот не вклучува никакви градежни активности, поради што не се очекуваат никакви влијанија врз животната средина.

iv) **Изградба на дополнителна лента за зголемување на капацитетот на патарината Миладиновци на Коридорот VIII.** Оваа компонента предвидува изградба на дополнителна лента за зголемување на капацитетот на патарината Миладиновци на Коридорот VIII.

## 4 | РЕЗИМЕ НА ЗАКОНСКА РАМКА И ПОЛИТИКА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И БЕЗБЕДНОСТ, ОВЖС И ПРОЦЕСОТ НА СТЕКНУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ

### Применливи стандарди и упатства

Проценката на компонентите на проектот е предмет на барања за одобрување во однос на животна средина и социјални аспекти, вклучувајќи го националното законодавство, барањата на Банката и применливите регионални / глобални конвенции или договори. Особено, применливите стандарди и упатства што се користат за проценка во овој Извештај се следниве:

- Политика за животна средина и социјални аспекти на ЕБОР 2014 (ЕСП), вклучувајќи ги и инкорпорираните барања за усогласеност;
- Применливо македонско законодавство, особено прописите поврзани со проценката на влијанието врз животната средина и социјалните аспекти;
- "Директивата за ОВЖС" за проценка на влијанијата на одредени јавни и приватни проекти врз животната средина (2014/52/EU);
- Архуската конвенција за пристап до информации, учество на јавноста во донесувањето одлуки и пристап до правда за прашањата поврзани со животната средина, 1998 (Македонија потпиша на 22 јули 1999 година);

- Конвенција за заштита на светската култура и природно наследство, 1972 (Македонија по наследство е член од 1997 година);
- Конвенција за заштита на нематеријалното културно наследство, 2003 (ратификувана во Македонија во 2006 година).
- Работни односи и работничките права (Македонија е членка на Меѓународната организација на трудот (МОТ) од 1993 година и ја ратификуваше 77);
- Европска директива 2008/96/ЕС Управување со безбедноста на патната инфраструктура;
- Добра меѓународна пракса, особено на Меѓународните финансиски организации, Општи упатства за животна средина, безбедност и здравје, април 2007.

Општо земено, пред имплементацијата, сите развојни проекти се предмет на одобрување од аспект на животна средина, согласно националното законодавство.

**Национална регулаторна рамка**

Активностите за надградба и модернизација на постоечките наплатни станици на Коридорот VIII најверојатно нема да бидат предмет на оценка за животна средина и социјални аспекти согласно националното законодавство, освен активноста за изградба на дополнителна лента и инсталација на фотоволтаични сончеви панели. Сепак, ова е неопходно да биде потврдено од страна на ЈПДП во комуникација со надлежните органи, откако ќе биде достапна соодветна проектна документација.

На барање на ЈПДП, МЖСПП издаде известувања во кои се наведува дека изградбата на патарината "АРБИНОВО" на државниот пат А2, делница: Кичево-Охрид, Коридор 8 и наплатните станци "КАДРИФАКОВО" и "ПРЕООД" на државниот пат А4 , делница: Миладиновци - Свети Николе - Штип не се предмет на оцена на влијанието врз животната средина на било кое ниво (елаборат или студија), согласно националното законодавство за животна средина (Известување, решение бр.11-6059 / 2 и бр.11-6061/1, од октомври 2016 година соодветно).

Градежните дозволи за сите трите нови наплатни станици "АРБИНОВО", "КАДРИФАКОВО" и "ПРЕВОД" веќе се издадени од Министерството за транспорт и врски (МТВ) со што се утврдуваат условите за изведување на градежни работи, организација на градилиштето, обврски на изведувачот итн.

Инсталирањето на опрема за поврзување на надградените и новите наплатни станици со оперативниот центар во Скопје со цел да се следи работењето на сите наплатни станици бара изработка на соодветна техничка документација, но за спроведување на оваа компонента на проектот не е потребна градежна дозвола.

**Стекнување на земјиште**

Општо земено, стекнувањето на земјиште и економското разместување се сметаат за незначителни, бидејќи имплементацијата на сите компоненти на проектот се наоѓа во развиени и урбанизирани области, односно патната инфраструктура и заштитните зони на патот. Процесот на стекнување на земјиште е веќе завршен за Преод и Кадрифаково, а за Арбиново е во завршна фаза.

Со оглед на тоа што Проектот опфаќа економско разместување без физично разместување, подготвена е Рамка за стекнување на земјиште (РСЗ) што го поставува планираниот пристап на проектот по однос на стекнување на земјиште и раселување, имајќи предвид дека нема доволно основни податоци за да се подготви План за стекнување на земјиште (ПСЗ).

Трајно одземање на земјиште: Трајно одземање на земјиште ќе се случи за компонента (i) изградба на три наплатни станици на нови делници на автопатите што се градат во РС Македонија, за што е направена проценка во посебни Геодетски елаборати. Геодетскиот елаборат за експропријација е подготвен врз основа на финализиран (главен) проект. Дополнително, ќе биде потребно трајно одземање на земјиште за компонентата (iii) на проектот - изградба на дополнителна лента за зголемување на капацитетот на патарината Миладиновци на Коридорот VIII, за што техничка документација и Геодетски елаборат во оваа фаза не се достапни и ќе бидат подготвени во следната фаза на проектот.

- Патарина Кадрифаково - парцели во државна сопственост, процесот на стекнување на земјиште е завршен според националното законодавство (не е извршена експропријација, бидејќи земјиштето е во државна сопственост). Постојат два договори за концесија за земјоделски активности во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Раскинувањето на договорите е во тек, по што земјиштето ќе се трансформира од земјоделско во градежно.
- Патарина Преод - земјиштето опфаќа државни и приватни парцели и е стекнато / експроприрано во текот на втората половина на 2018 година. Процесот на стекнување на земјиште е завршен според националното законодавство.
- Патарина Арбиново – земјиштето опфаќа државни и приватни парцели, геодетски елаборати и документација за експропријација се подготвени според националното законодавство и доставени до надлежните органи, а процесот на стекнување на земјиште сѐ уште не е започнат.
- Постои потреба од трајно и привремено одземање на земјиште за компонента (iii) од проектот за изградба на дополнителна лента за зголемување на капацитетот на патарината Миладиновци на Коридорот VIII. Сепак, информациите и деталите во врска со одземањето на земјиштето не беа познати за време на подготовката на Рамката за стекнување на земјиште. План за стекнување на земјиште ќе биде подготвен само за патарина Миладиновци, доколку има потреба од Елаборат за експропријација.

Привремено одземање на земјиште: Проектот исто така ќе бара привремено одземање на земјиште за привремени пристапни патишта, места за градилишта, привремено складирање на ископани материјали / почва, исечени дрвја итн. Сепак, информациите и деталите во врска со привременото одземање на земјиштето не беа познати во времето на развој на Рамката за стекнување на земјиште. Договорите за дополнително привремено земјиште што ги бара Изведувачот, колку што е можно, ќе бидат договорени преку преговори и пријателски договор со сопствениците на земјиштето[1].

## 5 | Резиме на основната состојба за животна средина и социјални аспекти

Компонентите на проектот ќе се имплементираат на посебни локации по должината на Коридорот VIII, Коридор X и по должина на државниот пат А4, делница Миладиновци – Штип. Проектните локации припаѓаат на пет различни плански региони и единаесет различни општини во земјата.

Хетерогениот контекст на Проектот, што се состои од различни проектни активности на различни локации, дава специфична комплексност на проектот. Основните информации достапни за областите на проектните компоненти беа на различни нивоа поради различните степени на имплементација за секоја од компонента, а една дополнителна беше подготвена за целите на проектот.

## 6 | Ревизија на состојба со животна средина и социјални аспекти

Постоечките активности на клиентот се предмет на разгледување по ограничена и скратена постапка, а резимето е дадено во посебно поглавје од извештајот за проценка и ревизија на животната средина и социјални аспекти. Резимето го зема предвид капацитетот на клиентот и неговите можности за управување при спроведување на барањата за усогласеност на Банката. Наодите дадени во тоа поглавје во најголем дел се потпираат и упатуваат на претходни и тековни проекти за проценка на капацитетите на клиентот и неговите управувачки можности. Како дел од оваа тековна проценка се подготвува пакет на политики, планови, процедури и упатства за надминување на идентификуваните недостатоци, кои подоцна се очекува да бидат усвоени и имплементирани од страна на ЈПДП.

[1] Повеќе информации во Рамката за стекнување на земјиште

**Системи за управување со животната средина и социјалните аспекти, политики и практики**

За потребите на ЈПДП се подготвуваат корпоративна политика за животна средина и безбедност, план и процедури за управување со животна средина и безбедност. Тековната пракса за управување со животна средина и социјални аспекти вклучува проверки во однос на релевантните закони и системите за управување со изведувачите.

**Организациски капацитет и ресурси**

Во рамките на ЈПДП постои посебно одделение за животна средина и безбедност формирано во 09.2013 година. Процедурите за животна средина и социјални аспекти се дефинирани во согласност со стандардите на национално ниво и стандардите на Меѓународните финансиски институции (МФИ). Одделението за животна средина и социјални аспекти се состои од три специјалисти за животна средина и социјални аспекти кои ги покриваат сите аспекти на животна средина и социјални аспекти од целиот циклус на проектот.

**Човечки ресурси и вработување**

Управувањето со човечки ресурси во ЈПДП се врши во секторот за правни работи, експропријација, управување со човечки ресурси и општи работи. Вработените се слободни да формираат свои или да се приклучат на други работни организации, синдикати или глобалната унија за јавни службеници.

ЈПДП има менаџер за човечки ресурси. Усогласеноста, односно проверките со законот и системите за управување со изведувачите се примарни механизми за управување со трудот.

**Здравје и безбедност при работа**

За потребите на ЈПДП се подготвува корпоративна политика и рамковен план за управување за безбедност и здравје. Не е одредено лице одговорно за овие аспекти, не се вршат проценки за ризиците во врска со здравјето и безбедноста, не постојат постапки за известување за инциденти и несреќи и не се води соодветна евиденција. Тековната пракса е спроведување на активности што базираат на барањата во соодветното законодавство.

**Мерки за спречување на загадувањето**

Мерките за спречување на загадувањето се специфични за проектите. Мерките се идентификуваат за време на планирањето и подготвувањето на проектот и се спроведуваат во фазата на изградба и оперативната фаза од страна на изведувачи (пренесени преку тендерска документација), односно преку ЈП "Македонија пат" или некој друг кој е идентификуван како одговорен за спроведување на Планот за управување со животна средина и социјални аспекти во оперативна фаза.

**Проценка и управување со поголеми опасности**

Опасностите се специфични за проектите. Почетното управување се случува во фазата на планирање, по добивањето на условите за Планирање на просторот од релевантниот надлежен орган (Агенција за просторно планирање), врз основа на што се подготвуваат документи за планирање и проектирање од страна на договорните компании.

ЈПДП во моментот нема план за подготвеност и реакција во итни случаи. Подготовката и спроведувањето на план за подготвеност и реакција во итни случаи за одреден проект за фазата на изградба е одговорност на Изведувачите пренесена преку тендерска документација.

**Здравје, сигурност и безбедност на заедницата, Избегнување на влез од трети страни во потенцијално опасни подрачја, Употреба и управување со опасна материја, Управување со потенцијално опасни работи**

Избегнувања на влез на трети лица во потенцијално опасни подрачја (огради, безбедност, персонал, други) како обврска се дефинира во проектната документација како дел од елаборат за безбедност и здравје при работа, а потоа се пренесуваат на изведувачот преку тендерска документација.

**Политика и процедури во врска со стекнување на земјиште**

Стекнување на земјиште и раселување за проекти од јавен интерес, како и соодветна компензација на засегнатите страни се врши во согласност со релевантното национално законодавство што се состои од: Закон за експропријација и Закон за облигациони односи.

Процесот на експропријација во голема мерка е во согласност со барањата на ЕБОР утврдени во Барање за усогласеност 5, освен неколку недостатоци. Рамката за стекнување на земјиште ги утврдува овие пропусти и го обврзува ЈПДП да се усоггласи со Барањето за усогласеност 5.

**Комуникација со јавност**

Правото на жалба во врска со правата за вработување на вработените во ЈПДП е регулирано со Законот за работни односи (за вработените според Законот за работните односи) и Закон за јавниот сектор (вработени административни службеници). Во моментов, компанијата нема формална процедура за поплаки или механизам за своите вработени да покренат жалба. Жалбата може да се поднесе преку надредениот раководител или со директен допис до раководството. Ова е неформална процедура, што не дозволува одржување на анонимност. За потребите на ЈПДП се подготвува План за управување со поплаки.

За своите развојни проекти, особено за проектите за кои е потребно ОВЖС, ЈПДП одржува консултации со јавноста за да дискутира за ОВЖС студијата и потенцијалните влијанија и ризици врз животната средина и социјалните аспекти. Локалните заедници и невладините организации се консултираат како дел од процесот на консултации со јавноста поврзани со студијата за ОВЖС. Вообичаена пракса е ЈПДП да развие и имплементира план за вклучување на засегнати страни, специфичен за секој проект посебно.

## 7 | Придобивки за животна средина и социјални аспекти, влијанија и мерки за ублажување

Одделно поглавје во Извештајот за проценка и ревизија на животната средина и социјални аспекти ги сумира потенцијалните придобивки од животната средина и социјалните аспекти и влијанијата што произлегуваат од имплементацијата на Проектот, земајќи го предвид неговото времетраење.

**Придобивки**

- **Подобрување на системот за наплата на патарина.** Целта на проектот е да се воспостави единствен систем за електронска наплата на патарините во Република Северна Македонија, со што ќе се подобри севкупната поврзаност и ефикасноста на работата на ЈПДП. Тоа ќе придонесе за подобрување на преминувањето на овие точки и намалување на сообраќајниот метеж и времето на преминување.
- **Подобрување на поврзаноста и олеснување на економскиот развој.** Проектот е дел од поширока програма за подобрување на меѓународната поврзаност на Балканот. Во конкретниот случај се однесува на подобрување на патните премини и започна претходно со подобрување на наплатните станици на Коридорот X. Ова ќе го подобри преминувањето и поврзувањето низ целата земја, носејќи позитивни придобивки за регионалната, националната и меѓународната економија и сообраќајот.
- **Краткорочно вработување на локалното население.** Проектот ќе обезбеди краткорочни локални можности за вработување за локалното население за време на фазата на изградба, што позитивно ќе влијае во неколку општини во земјата.

**Ризици врз животната средина и социјалните аспекти, безбедност и здравје / влијанија и мерки за ублажување**

Табелата подолу дава резиме за влијанијата, рецепторите и мерките за ублажување.

### *Табела 1 Резиме за влијанија, рецептори, мерки за ублажување*

| Влијание | Рецептор | Значење | Локација | Ублажување |
|---|---|---|---|---|
| | | **Придобивки** | | |
| **Подобрување на системот за наплата на патарина** | Јавност и сообраќај | Големи | На национално ниво | Нема |
| **Подобрување на поврзаноста и олеснување на економскиот развој** | Национална економија.<br>Сите заедници.<br>Национален и меѓународен сообраќај. | Умерени | На национално ниво | Нема |
| **Краткорочно вработување на локалното население** | Локални заедници | Умерени | На национално ниво | Нема |
| | | **Животна средина** | | |
| **Загадување на воздухот**<br>*Фаза на изградба*<br>Прашина и гасови од согорување.<br>*Оперативност*<br>Согорувачки гасови. | Дистанцирани населени места, комерцијални области, локална флора и фауна | Ниско<br>Ниско | Арбиново, Преод и Кадрифаково<br>Глумово, Желино, Тетово, Гостивар, Миладиновце | Добра градежна практика.<br>Стандардни мерки за ублажување (отпрашување и сл.)<br>Редовни прегледи и одржување на котел со дизел гориво и опрема за вентилација. |
| **Бучава**<br>*Фаза на изградба*<br>Употреба и работа на транспортни возила и тешки машини.<br>*Оперативност*<br>Опрема за климатизација и возила. | Дистанцирани населени места, комерцијални области, локална флора и фауна | Ниско<br>Ниско | Арбиново, Преод и Кадрифаково<br>Глумово, Желино, Тетово, Гостивар, Миладиновце | Добра градежна практика.<br>Стандардни мерки за олеснување (отпрашување и сл.)<br>Редовни прегледи и одржување на котел со дизел гориво и опрема за вентилација. |
| **Почва**<br>*Фаза на изградба*<br>Отстранување на почвен слој, плитки ископи, набивање на почвата, ризик од контаминација.<br>*Оперативност*<br>Нема. | Локална почва | Ниско<br>/ | Арбиново, Преод, Кадрифаково, Миладиновце | Добра градежна практика.<br>Реинсталација на нарушените области.<br>Стандардни мерки за олеснување.<br>Употреба на опремата за спречување на истекувања.<br>План за подготвеност за итни случаи и реакција |
| **Вода**<br>*Фаза на изградба*<br>Супресија на прав.<br>*Оперативност*<br>Нема. | Локални водни ресурси | Неутрална до мала | Сите локации | Користење само на техничка вода за сузбивање на прав. |
| **Отпадни води**<br>*Фаза на изградба*<br>Создавање на комунални отпадни води. | Локални области | Неутрална до мала | Сите локации | Мобилните тоалети мора редовно да се сервисираат и одржуваат.<br>Одводните канали и сепараторите за вода/масло мора редовно да се сервисираат |

| **Влијание** | **Рецептор** | **Значење** | **Локација** | **Ублажување** |
|---|---|---|---|---|
| Потенцијален ризик од промивање на работните места со атмосферски води.<br>*Оперативност*<br>Атмосферка/дождовна вода.<br>Комунални отпадни води | | | | и да се одржуваат за да се осигура дека тие останурваат ефикасни и нема да се блокираат со тек на време.<br>Објектот за третман на комунална отпадна вода треба редовно да се сервисира и да се одржува за да се обезбеди потребниот квалитет на вода на испуст. |
| **Отпад**<br>*Фаза на изградба*<br>Градежен отпад.<br>*Оперативност*<br>Комунален и комерцијален отпад | Локални области | Неутрална до мала | Сите локации | • Избегнување или минимизирање на создавање,<br>• Реупотреба.<br>• Отстранување на инертен отпад на локална депонија за инертен отпад,<br>• Собирање отпад од страна на лиценцирани компании.<br>• Безбедно времено складирање за да се осигура дека нема ризик од контаминација,<br>• Треба да се чуваат детални евиденции за целиот отпад и за конечното отстранување на истиот,<br>• Редовни внатрешни инспекции низ целата локација за да се обезбеди усогласеност со барањата на планот. |
| **Биодиверзитет**<br>*Фаза на изградба*<br>Отстранување на вегетацијата, емисии на прашина и создавање на бучава.<br>*Оперативност*<br>Нема. | Флора и фауна на локацијата. | Ниско | Сите локации<br><br>Преод и Кадрифаково | Добра градежна практика.<br>Обновување на нарушените области.<br>Стандардни мерки за олеснување.<br>Планирањето пред изградба да се врши во консултација со квалификуван орнитолог за да се избегнат нарушувања, ако периодот на изградба е во сезона на гнездење, од април до јули. |
| **Социјални, здравје и безбедност** | | | | |
| **Експропријација на земјиште и економско разместување**<br>Минимален откуп на земјиште,<br>**Мало економско поместување** | Локална заедница | Незначително | Арбиново, Миладиновце | Подготовка и имплементација на План за стекнување на земјиште. |
| **Ограничувања за пристап и сообраќај**<br>Привремено ограничување | Локална заедница | Незначително | Сите локации | План за управување со животната средина и социјални аспекти за време на градба, План за управување со сообраќајот,<br>План за безбедност и здравје |
| **Влијанија врз здравјето и безбедноста во заедницата**<br>Ризик од несреќи на јавноста | Локална заедница | Незначително | Сите локации | План за управување со животната средина и социјални аспекти за време на градба, План за управување со сообраќајот,<br>План за безбедност и здравје |

| **Влијание** | **Рецептор** | **Значење** | **Локација** | **Ублажување** |
|---|---|---|---|---|
| **Ризици од безбедност и здравје од спроведување на работите**<br>Зголемување на професионалните, здравствените и безбедносните ризици за вработените | Onsite workers | | Сите локации | План за управување со животната средина и социјални аспекти за време на градба, План за управување со сообраќајот,<br>План за безбедност и здравје |
| **Културно наследство**<br>Идентификувани археолошки локалитети. | Локални области | Умерено | Арбиново, Кадрифаково | Следење на градежните работи од страна на археолог на самата локација.<br>Инспекција на градилиштето и утврдување на мерките за заштита доколку е потребно, пред почетокот на градежните работи од страна на надлежен орган. |

## 8 | Управување со животна средина и социјални аспекти и мониторинг

Ова поглавје дава краток опис на тоа како во пракса ќе се следат и управуваат влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти.

Целта е да се осигура дека мерките за ублажување се спроведуваат и дека планираните резултати се постигнуваат. Ова е основата за мониторинг на еколошките и социјалните перформанси на ЈПДП и на изведувачите за да се осигура дека се спроведуваат сите превземени мерки за намалување на влијанијата во текот на изградбата и функционирањето на предложениот пат и се постигнуваат резултати.

### Мониторинг на животна средина и социјални аспекти

Мерките за мониторинг на животната средина и социјалните аспекти треба да се развијат како дел од Системот за управување со животната средина и социјалните аспекти на проектот, во согласност со барањата наведени во ОВЖС студијата / Елаборати за заштита на животната средина (каде што е релевантно) и Акциониот план за животна средина и социјални аспекти.

Во близина на локациите на трите нови патарини нема потенцијални рецептори за влијанија, па оттука не се потребен мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух и бучавата.

Во согласност со акциониот план за животна средина и социјални аспекти, ЈПДП ќе вметне услови за фазата пред изградба во тендерската документација. Ако во одреден месец нема градба, мониторирањето не е потребно во тој месец.

### Археолошко и културно наследство

ЈПДП треба да безбеди мониторингот во фаза на градба од страна на археолог на локацијата Арабиново, во согласност со националното законодавство; исто така ЈПД треба да обезбеди проверка на градилиштето на Кадрифаково пред почетокот на градежните работи.

## 9 | Механизам за поплаки, дополнителни информации и податоци за контакт

Механизам за поплаки ќе биде усвоен, ЈПДП и изведувачот (-ите) ќе ги прифатат сите коментари и поплаки поврзани со Проектот, доставени вербално или во писмена форма. ЈПДП е свесен дека консултациите се тековен процес и други прашања може да се појават штом проектот премине во фазата на изградба.

Примерок од образецот за поплаки е даден во додаток 1. Секое лице или организација може лично да испрати коментари и / или жалби, по телефон, преку пошта или електронска пошта користејќи ги информациите за контакт дадени подолу.

Сите видови на поплаки од засегнатите страни (освен оние што ги покренале вработените и изведувачите) што се однесуваат на овој проект, треба да се доставаат во ЈПДП преку следниот назначен член:

**Билјана Лазаревска**, Раководител на Одделот за управување со човечки ресурси и општи работи

Тел: + 389 (0)2 3118-044 локал 119

Факс: + 389 (0)2 3220-535

E-mail: biljanal@roads.org.mk

Адреса: **Јавно претпријатие за државни патишта**

Ул. Даме Груев бр. 14,

1000 Скопје, Република Северна Македонија

Контакт информациите за изведувачот исто така ќе бидат достапни за јавноста во општините што се во блинина на проектот и ќе бидат вклучени во ревидираниот План за вклучување на засегнати страни, откако ќе биде назначен Изведувачот.

Образецот за поплаки (на македонски и на англиски јазик) ќе биде достапен на интернет страницата www.roads.org.mkм и засегнатата општина ќе добие претходно испечатени обрасци за јавноста. Механизмот за поплаки ќе биде воспоставен и за вработените во градежните компании (како посебен систем).

ЈПДП ќе го надгледува процесот на коментари и жалби, а податоците ќе бидат сумирани во годишните извештаи за заштита на животна средина, социјални аспекти и безбедност и здравје што ќе се изготват и ќе се објават на интернет страница. ЈПДП е обврзано да одговори на сите жалби според процедурите пропишани во националното законодавство и планот за вклучување на засегнати страни.

Времето за одговор на жалбите (за секоја жалба поединечно) ќе биде во согласност со националното законодавство. ЈПДП ќе се обиде да го потврди примањето на жалбата во рок од 5 работни дена и да одговори во рок од 15 дена од приемот на жалбата и да го извести подносителот за преземена или предложената корективна акција. Лицата кои поднесуваат жалба и коментари имаат право да побараат нивното име да не биде објавено.

Во секое време лицата што поднесуваат жалба имаат право да побараат правни совети во согласност со Законите и регулативите на Република Северна Македонија.

## Додаток 1 ФОРМУЛАР ЗА ПОПЛАКА

**ФОРМУЛАР ЗА ПОПЛАКА**

| | |
|---|---|
| **Број:** | |
| **Име и презиме** (незадолжително)<br>· Сакам да ја поднесам мојата жалба анонимно.<br>· Да не се открива идентитетот без моја согласност. | |
| **Контакт информации:**<br><br>Означете како сакате да бидете контактирани (по пошта, телефон, е-mail) | · Пошта: Наведете поштенска адреса:<br>________________________________________<br>________________________________________<br>· Телефон:<br>________________________________________<br>· E-mail:<br>________________________________________ |
| **Јазик за комуникација** | · [Македонски]<br>· [Друг:_________________________] |
| | |
| **Опис на инцидент или поплака:**<br>Што се случи? Каде се случи? Кој го направи тоа? Што е проблемот? | |
| | |
| **Дата на инциденти / поплаки** | |
| | · Инцидентот се случи само еднаш (дата _______________)<br>· Инцидентот се случи повеќе пати (колку? _____________)<br>· Во тек (во моментот се случува проблем) |
| | |
| **Шти би сакале да се направи за да се реши проблемот?** | |
| | |
| Потпис: ____________________________ | Дата: ________________ |

Ве молиме поднесете го овој формулар кај:

**Билјана Лазаревска**
**Тел:** + 389 (0)2 3118-044 лок.119
**Факс:** + 389 (0)2 3220-535
**E-mail**: biljanal@roads.org.mk

**Јавно претпријатие за државни патишта**
Ул. Даме Груев бр. 14
1000 Скопје, Република Северна Македонија